Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 37, 15 март 2010 година

март 2010 година
Штип

СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје *хирургија* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент/специјалист за научната област *психијатрија* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање-предавач (специјалист) за наставната област *дерматовенерологија* на Факултетот за медицински науки, студиска програма на Високата здраствена школа, при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 13

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент/специјалист за научната област *неврологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање-предавач (специјалист) за наставната област *анестезиологија* на Факултетот за медицински науки, студиска програма на Високата здраствена школа, при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 21

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент/специјалист за научната област *гинекологија и акушерство* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 27

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент/специјалист за научното подрачје *хирургија* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 32

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот-скрипта „Историја на музиката“ од д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитет„Гоце Делчев“ во Штип ........ 39

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ/СПЕЦИЈАЛИСТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ НЕВРОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип донесе Одлука бр. 2502-108/10 од 4. 11. 2009 год. за распишување на Конкурс за избор на ***асистенти (специјалисти)*** за научната област ***неврологија*** на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. На 16. 12. 2009 година Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 2502-118/35 и Решение бр. 2502-118/95 претседател, 2502-118/96 член, 2502-118/97 член, за формирање на Рецензентска комисија за избор на асистент (специјалист) за научната област *неврологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип во следниов состав:

– д-р Илија Џонов – редовен професор (во пензија) по предметот Неврологија, претседател;
– д-р Кнегиња Рихтер-Соколовска, доцент по предметот Неврологија, член;
– д-р Диана Белевска – редовен професор, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм", на 25.11.2009 година.

Врз основа на приложената документација на кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На Конкурсот, објавен на 25.11.2009 година, за избор на асистент (специјалист) за научната област *неврологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип се пријавија двајца кандидати.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Весна Трајкова** е родена на 9 декември 1963 година во Струмица. Основно и средно (гимназиско) образование завршува во Струмица. Завршува Медицински факултет во Скопје, во 1988 год. По завршувањето на факултетот и на приправничкиот стаж, во 1992 год. се вработува во Медицински центар – Штип. Најнапред работи како лекар во Службата за итна медицинска помош - Штип, а потоа како општ лекар во Школска амбуланта и вонреден предавач по предметот Инфективни болести при УСО „Јане Сандански" - Штип. Во 1994 год. работи како лекар-секундарец на Инфективното одделение, а три години подоцна е префрлена на работа во Центарот за дијализа. Во 1997 год.започнува да работи како матичен лекар во Службата за трудова медицина. Последното работно место како матичен лекар е во Амбулантата во населба Баби, од каде во 1999 год. заминува на специјализација на Клиниката за неврологија во Скопје. На 19 декември 2003 год. станува специјалист невролог и веднаш се вработува на Невропсихијатриското одделение како прв невролог во Штип. По успешното извршување на работните обврски, во мај 2007 год. е назначена за раководител на Одделението. Оваа функција ја извршува и денес.

***Професионални активности на кандидатката***

1. Во мај 2007 год. кандидатката е назначена за раководител на Невропсихијатриското одделение – функција што ја извршува и денес.
2. По положениот специјалистички испит се здобива со звање специјалист – невролог на 19.12.2003 год.

3. Во 1997 до 2003 год. работи како матичен лекар во Службата за трудова медицина.
4. Од 1994 до 1997 год. работи на Инфективното одделение во Штип, а истовремено е ангажирана како вонреден професор во средното медицинско училиште во Штип.
5. Од 1992 до 1994 год. најнапред работи како лекар во Службата за итна медицинска помош, а потоа и како лекар во Школска амбуланта.
6. Во 1988 год. завршува Медицински факултет во Скопје и се стекнува со звање доктор на медицина.

Кандидатката е член на Лекарската комора на Р. Македонија и на Македонското лекарско друштво. Зема учество на меѓународни конгреси, континуирано се едуцира на семинари, предавања и стручни усовршувања од областа на невропсихијатријата.

***Наставна дејност***

Кандидатката д-р Весна Трајкова стекнатите знаења за време на дипломските студии успешно ги применува во воспитно-образовната дејност, како вонреден професор во Средното медицинско училиште „Јане Сандански“ – Штип,1992-1994 г.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Елена Личкова - Едровска** е родена на 17 април 1974 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип. Во октомври 1999 година дипломира на Медицински факултет во Скопје. Во декември 2000 година го положува стручниот испит. Една година потоа волонтира на Невропсихијатриското одделение во Штип, а истовремено врши и контролни прегледи за вакцинација на деца од школска возраст. Во 2002 се вработува како доктор по општа медицина во Службата за итна медицинска помош во Штип. Таму работи до март 2004 год. од каде заминува на специјализација по неврологија на Клиниката за неврологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Во март 2009 год. специјализира и се здобива со звање специјалист по неврологија и почнува да работи на Невропсихијатриското одделение, каде работи и денес.

***Професионални активности на кандидатката***

1. Од март 2009 год. до денес работи како доктор специјалист по неврологија на Невропсихијатриското одделение во Штип.
2. Од 2004 до 2009 год. специјализира на Клиниката за неврологија во Скопје.
3. Од 2002 до 2004 год. се вработува како општ лекар во Службата за итна медицинска помош во Штип.
4. Од 2001 до 2002 год. волонтира на Одделението за невропсихијатрија во Штип и во Службата за вакцинација.
5. Од 2000 год. до вработувањето учествува во повеќе проекти на: невладини организации, Здружение на еманципација и Асоцијација за напредок,едукација и лобирање.
6. Во 1999 год. дипломира на Медицински факултет во Скопје.

Кандидатката е член на Лекарската комора на Македонија и Македонското лекарско друштво. Зема учество на повеќе предавања, семинари и стручни усовршувања од областа на неврологијата.

***Список на трудови на д-р Весна Трајкова и д-р Елена Личкова-Едровска***

1. ЦЕРЕБРОЛИЗИН ВО ТЕРАПИЈАТА НА АКУТНИОТ МОЗОЧЕН УДАР – Лазарова С, Барбов И, Чучкова С, Едровска Е. В. Трајковска Клиника за неврологија – Скопје, Медицински центар – Штип
2. ПРОМЕНИ ВО НИВОТО НА ГАМА ГЛУТАМИН ТРАНСФЕРАЗА (ГГТ) КАЈ ПАЦИЕНТИ НА ТЕРАПИЈА СО КАРБАМАЗЕПИН Николоски Г., М., Цветковска Е., Алексовски В., В. Трајковска,Едровска Е. Клиника за неврологија, Клинички центар - Скопје, Р. Македонија

3. СОВРЕМЕНА РЕКЛАСИФИКАЦИЈА СО ЛОКАЛИЗАЦИЈА ПОВРЗАНИ СИМПТОМАТСКИ ЕПИЛЕПСИИ Никодијевиќ-Кедева Д., Каранфиловиќ И., Оровчанец Н., Личкова- Едровска Е., Лазарова С., Трајковска В.,Николовски Г. Клиника за нервни болести, Клинички центар - Скопје, Институт за епидемиологија, Медицински факултет - Скопје, Р. Македонија.
4. ЕПИЛЕПСИЈА И МИОПАТИЈА Џонов И., Никодијевиќ – Кедева Д., Петровска Д., Бурдевска – Саздова С., Кузмановски И., Едровска Е. Трајковска В. Клиника за неврологија, Клинички центар - Скопје, Р. Македонија
5. КАРПАЛ ТУНЕЛ СИНДРОМ (АСОЦИРАНОСТ СО ЦЕРВИКАЛНА И ЛУМБАЛНА РАДИКУЛОПАТИЈА) Саздова-Бурнеска С., Никодијевиќ-Кедева Д., Петковска – Бошкова Т. Колевски Г., Трајковска В., Петровска Д., Едровска Е.
6. ЕФИКАСНОСТА И ТОЛЕРАБИЛНОСТА НА ТОРАМАХ И LAMOTRIGINE ВО ЛЕКУВАЊЕ НА ПАРЦИЈАЛНА РЕФРАКТОРНА ЕПИЛЕПСИЈА Никодијевиќ-Кедева Д., Петровска Д., Џонов И., Кузмановски И., Васков Т., Оровчанец Н., Трајковска В., Николоски Г., Каранфиловиќ И., Едровска Е.. Клиника за Неврологија, Клинички центар Скопје, Р. Македонија
7. РЕДУКЦИЈА НА ФРЕКФЕНЦИЈАТА НА НАПАДИ И ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТ КАЈ ПАЦИЕНТИТЕ СО ФАРМАКОРЕЗИСТЕНТНА ЕПИЛЕПСИЈА ТРЕТИТАНИ СО LAMOTRIGINE Петровска Д., Никодијевиќ-Кедева Д., Џонов И., Кузмановски И., Чепреганова-Чанговска Т., Бурневска-Саздова С., Едровска Е.Клиника за неврологија, Клинички центар - Скопје, Р. Македонија
8. ЕФЕКТИ НА ТОРАМАХ ВРЗ РЕДУКЦИЈА НА НАПАДИТЕ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО АДУЛТНА ЕПИЛЕПСИЈА Кузмановски И., Никодијевиќ-Кедева Д., Петровска Д., Џонов И., Цветковска Е., Пасху М., Чепреганова-Чанговска Т., Оровчанец Н., Едровска Е.Трајковска В. Клиника за неврологија, Клинички центар - Скопје, Р. Македонија
9. ПРИМАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЕДУКАЦИЈА Шишкова Д., Гацова М., Личкова-Едровска Е.
10. Sturge-Weber-Dimitri, Трајкова В, Џидрова Е, Гацова С, Шопов В. Личкова-Едровска Е.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставената документација, учеството на меѓународни и домашни конгреси и симпозиуми, како и врз основа на стручната ангажираност, Комисијата заклучи дека кандидатките д-р Весна Трајкова и д-р Елена Личкова-Едровска ги исполнуваат сите законски критериуми за избор на асистент/помлад асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки**, кандидатката д-р Весна Трајкова да се избере во звање асистент (специјалист) за научна област *неврологија*, а кандидатката д-р Елена Личкова-Едровска во помлад асистент (специјалист) на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Илија Џонов, претседател, с.р.**
**Доц. д-р Кнегиња Рихтер-Соколовска, член, с.р.**
**Проф. д-р Диана Белевска, член, с.р,**

## ПРИЛОГ 1

**Табела за вреднување на активностите на д-р Весна Трајкова**

| Вид на активност | | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна** | | | | |
| 1. | Интерна скрипта за вежби | | | |
| **Научноистражувачка** | | | | |
| 1. | Прегледен труд објавен во научно списание опфатено со СЦИ | | | |
| 2. | Труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание опфатено со СЦИ | 1 | 9 | 9 |
| 3. | Учество на научен собир со реферат – постер во Македонија | 7 | 1 | 7 |
| 4. | Учество на научен собир со реферат – постер во странство | 6 | 1,5 | 9 |
| | **Вкупно** | | | **25** |

## ПРИЛОГ 2

**Табела за вреднување на активностите на д-р Елена Личкова-Едровска**

| Вид на активност | | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна** | | | | |
| 1. | Интерна скрипта за вежби | | | |
| **Научноистражувачка** | | | | |
| 1. | Прегледен труд објавен во научно списание опфатено со СЦИ | | | |
| 2. | Труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание опфатено со СЦИ | 1 | 9 | 9 |
| 3. | Учество на научен собир со реферат – постер во Македонија | 13 | 1 | 13 |
| 4. | Учество на научен собир со реферат – постер во странство | 2 | 1,5 | 3 |
| | **Вкупно** | | | **25** |